ДИЈАЛОГ – ЦЕНТАР ЗА ДЕЛИБЕРАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА - ПРИЛЕП
DIALOGUE – CENTER FOR DELIBERATIVE DEMOCRACY – PRILEP

# ИЗВЕШТАЈ

# АНКЕТА - 8 МАРТ И РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

*8 март- 8 мај 2020*

# REPORT

# SURVEY- 8th OF MARCH AND GENDER EQUALITY IN NORTH MACEDONIA

*March 8 – May 8 2020*

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

305(497.7)(049.4)

РИЗАНКОСКА, Јосипа

Анкета - 8 март и родовата рамноправност во Северна Македонија : 8 март- 8 мај 2020 : извештај / [автори Јосипа Ризанкоска и Александра Спасеска ; превод Александра Спасеска] = Survey- 8th of march and gender equality in North Macedonia : March 8-May 8 2020 : report / [authors Josipa Rizankoska and Aleksandra Spaseska ; translation Aleksandra Spaseska]. - Прилеп : Дијалог = Prilep : Dialogue, 2020. - 70 стр. : илустр. ; 30 см

Текст на мак. и англ. Јазик

ISBN 978-608-66232-2-7

1. Напор. ств. насл. 2. Спасеска, Александра [автор] [преведувач]

а) Родова рамноправност - Македонија - Анкети

COBISS.MK-ID 51825157

# 8 МАРТ И РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ

# ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

® ДИЈАЛОГ Центар за делиберативна демократија

2020, Прилеп, Република Северна Македонија

Уредник: Јосипа Ризанкоска

Автори: Јосипа Ризанкоска и Александра Спасеска

Соработници: Николина Ризанкоска-Антеска и Јасмина Трајкоска-Наумоска

ISBN 978-608-66232-2-7

**СОДРЖИНА**

Опис и методологија…………………………………………………………………….5

Табела 1. Демографија.................................................................................................5

Табела 2. Мерки на централна тенденција………………………………………...…7

Табела 3. Прашалник…………………………………………………………………7

Резултати-демографија………………………………………………………………11

Графикон 1. Род………………………………………………………......................12

Графикон 2. Возраст……………………………………………………………….…12

Графикон 3. Образование……………………………………………………………13

Графикон 4. Работен статус…………………………………………………………..…13

Графикон 5. Вкупни месечни примања во домаќинството/семејството…………………..…14

Графикон 6. Во моето семејство работиме…………………………………………...14

Графикон 7. Место на живеење……………………………………………………..…15

Графикон 8. Религија………………………………………………………………..…15

Резултати-прашања …………………………………………………………...…..16

А) 8 Март (поимање и начини на негово одбележување)……………………………16

Графикон 9. Како најчесто го прославувате/одбележувате 8 Март – Меѓународниот ден на жената?.................................................................................................................................16

Графикон 10. 8 Март го доживувам како……………………………………………17

Графикон 11. Што најчесто подарувате за 8 Март?..................................................................18

Б) Состојбата со родовата рамноправност во повеќе општествени сфери ……………………………………………………………………………………19

Графикон 12. Според Вас, во Македонија мажот и жената се рамноправни пред законот……………………………………………………………………………………..20

Графикон 13. Според Вас, во Македонија мажот и жената се се фактички рамноправни во работното опкружување………………………………………………………………………..20

Графикон 14. Според Вас, во Македонија мажот и жената се економски рамноправни (плата, имот, наследство)………………………………………………………………………….21

Графикон 15. Според Вас, во Македонија мажот и жената се рамноправни во извршувањето на домашните обврски……………………………………………………………………….21

Графикон 16. Според Вас, во Македонија мажот и жената се рамноправни во одгледувањето на децата……………………………………………………………………………………..22

Графикон 17. Според Вас, во Македонија мажот и жената се рамноправни пред вашата вера/религија………………………………………………………………………………… 22

Графикон 18. Според Вас, жените во државава за исти работни места се исто платени со мажите………………………………………………………………………………………..23

Графикон 19. Според Вас, жените во државава имаат исти шанси за напредување во работното место со исто квалификувани мажи……………………………………………….24

Графикон 20. Според Вас, жените во државава се предмет на мобинг исто колку и мажите………………………………………………………………………………………..24

Графикон 21. Според Вас, жените од малцинствата (Албанки, Турчинки, Ромки …) се помалку интегрирани во општеството од Македонките……………………………………..25

Графикон 22. Според Вас, позитивна дискриминација (воведување задолжителни квоти за учество на жени во одредени општествени сфери) ќе придонесе за поголема рамноправност на жената……………………………………………………………………………………...26

Графикон 23. Вие лично претпочитате за шеф/надреден/претпоставен да имате маж или жена?.........................................................................................................................................26

Графикон 24. Што најмногу влијае за бавното придвижување кон рамноправност на жената во државава? (Најчестите два одговори)……………………………………………………27

Графикон 25. Според Вас, почесто има случаи на насилство на…………………….……28

Графикон 26. Според Вас, потребни се движења за покревање на свеста во општеството за сексуално вознемирување (и злоупотреба) како „Me Too“, „I am with her“ , „Сега кажувам“, „Un dia sin mujeres“ и други…………………………………………………………………29

Графикон 27. Според Вас, на Македонија ѝ е потребен феминизам………………………29

В) Семејството и родовата рамноправност…………………………………………………30

Графикон 28. При случај на развод, во случај на двајца подобни родители, старателството врз децата треба да го добие мајката, таткото или двајцата?.................................................30

Графикон 29. Породилното отсуство треба да се доделува само на мајката, поголем дел на мајката-помал на таткото, подеднакво на двајцата, поголем дел на таткото-помал на мајката или само на таткото?..........................................................................................................31

Графикон 30. А. Доколку партнерот комотно може финансиски да Ве издржува Вас (и децата) дали сепак би работеле за да ја одржите вашата финансиска самостојност?...........32

Графикон 30. Б. Доколку партнерката би можела комотно финансиски да Ве издржува вас (и децата) дали би избрале да не работите и да се грижите за домот и децата или да се посветите на некоја општествено полезна работа или хоби?................................................32

Графикон 31. Доколку партнерката заработува повеќе од Вас дали тоа би ја намалило Вашата самодоверба?..............................................................................................................33

Графикон 32. Дали би работеле професии кои се претежно работени од мажи (како работа во вулканизер, возач на автобус/камион/трамвај/такси, градежен работник, електричар, водоинсталатер и слично) со цел да ја одржите вашата економска самостојност?..............33

Заклучоци………………………………………………………………………………….34

## ОПИС И МЕТОДОЛОГИЈА

Преку овој извештај ДИЈАЛОГ – Центарот за делиберативна демократија од Прилеп ги презентира основните емпириски пронајдоци од истражувањето на тема „8 Март и родовата рамноправност", спроведено во периодот од 8 март до 8 мај 2020.

Единица на анализа се сите граѓани на Република Северна Македонија во земјата и странство. Прашалникот беше спроведен онлајн, а го одговорија вкупно 601 испитаник.

Главната цел на истражувањето е да се испитаат стојалиштата на македонските граѓани во однос на темата, без оглед на етничка припадност, возраст, социјален статус, религија, а со особен осврт на влијанието на родот врз одговорите.

Истражувањето има три главни дела:

1. 8 Март (поимање и начини на негово одбележување),
2. Состојбата со родовата рамноправност во повеќе општествени сфери и
3. Семејството и родовата рамноправност.

Табела 1 ги содржи прашањата за демографските карактеристики на испитаниците.

Табела 1. Демографија

| **ПРАШАЊЕ** | **МОЖЕН ОДГОВОР** |
|---|---|
| Д1. Возраст | Години |
| Д2. Образование | 1. До основно и основно образование<br>2. Средно образование<br>3. Висока стручна спрема<br>4. Универзитетско образование<br>5. М-р или д-р |
| Д3. Работен статус | 1. Вработен (државен сектор)<br>2. Вработен (приватен сектор)<br>3. Самовработен (freelance)<br>4. Домаќинка<br>5. Невработен |

| | |
|---|---|
| | 6. Студент/ученик<br>7. Пензионер<br>8. Друго |
| Д4. Вкупни месечни примања во домаќинството/семејството (за оние што живеат сами/немаат семејство, се однесува на вкупни примања на испитаникот). | 1. До 9000 денари<br>2. 9001 до 18000 денари<br>3. 18001 до 36000 денари<br>4. 36001 до 60000 денари<br>5. Над 60001 ден |
| Д5. Во моето семејство работиме | 1. Јас<br>2. Партнерот/партнерката<br>3. Двајцата<br>4. Никој<br>5. Живеам самостојно |
| Д6. Место на моментално живеење | 1. Скопски регион<br>2. Полошки регион<br>3. Југозападен регион<br>4. Пелагониски регион<br>5. Вардарски регион<br>6. Југоисточен регион<br>7. Источен регион<br>8. Североисточен регион<br>9. Странство |
| Д7. Религија | 1. Православен/на христијанин/ка<br>2. Муслиман/ка<br>3. Католик/чка<br>4. Евреин/ка<br>5. Атеист/ка<br>6. Агностик<br>7. Друго<br>8. Не знам |
| Д8. Род | 1. Маж<br>2. Жена<br>3. Друго |

Табела 2 ги содржи мерките за централна тенденција на демографските карактеристики.

Табела 2. Мерки на централна тенденција

| **ПРОМЕНЛИВА** | **Број на испитаници** | **Просек** | **Стандардна девијација** | **Минимум** | **Максимум** |
|---|---|---|---|---|---|
| Д1. Возраст | 601 | 36.21 | 10.73 | 15 | 89 |
| Д2. Образование | 601 | 3.58 | 1.09 | 1 | 5 |
| Д3. Работен статус | 601 | 2.63 | 1.83 | 1 | 8 |
| Д4. Вкупни месечни примања во семејството/домаќинството (за оние што живеат сами/немаат семејство - вкупни примања на испитаникот). | 588 | 3.53 | 1.08 | 1 | 5 |
| Д5. Во моето семејство работиме | 601 | 2.83 | 1.21 | 1 | 5 |
| Д6. Место на моментално живеење | 601 | 3.43 | 2.723 | 1 | 9 |
| Д7. Религија | 598 | 1.75 | 1.72 | 1 | 8 |
| Д8. Род | 601 | 0.71 | 0.46 | 0 | 2 |

Табела 3 ги содржи прашањата од анкетата.

Табела 3. Прашалник

| ПРАШАЊЕ | МОЖНИ ОДГОВОРИ |
|---|---|
| П1. Како најчесто го прославувате/одбележувате 8 Март - Меѓународниот ден на жената? | 1. Подарувајќи и/или примајќи подароци<br>2. На марш<br>3. На прослава/чајанка со колешките<br>4. Во интимна семејна атмосфера и/или на романтична вечера<br>5. На патување<br>6. На политичко-уметнички настан (изложба, филм, музика, литературно читање, говор, дебата, презентација и сл).<br>7. Не го прославувам/одбележувам.<br>8. Друго |
| П2. 8 Март го доживувам како: | 1. Ден на жената мајка<br>2. Ден на понежниот пол |

| | |
|---|---|
| | 3. Ден за одбележување на историската борба за рамноправност на жената<br>4. Ден на жената работничка<br>5. Ден за барање рамноправност за жената<br>6. Обичен ден во годината<br>7. Друго |
| П3. Што најчесто подарувате за 8 Март? | 1. Накит, парфеми, гардероба и сл.<br>2. Цвеќе<br>3. Книга<br>4. Честитка (усна или писмена)<br>5. Не подарувам ништо на овој ден<br>6. Придонесувам за рамноправност на жената секој ден<br>7. Друго |
| П4.1. Според Вас, во Македонија мажот и жената [се рамноправни пред законот]<br>П4.2. Според Вас, во Македонија мажот и жената [се фактички рамноправни во работното опкружување]<br>П4.3. Според Вас, во Македонија мажот и жената [се економски рамноправни (плата, имот, наследство)]<br>П4.4. Според Вас, во Македонија мажот и жената [се рамноправни во извршувањето на домашните обврски]<br>П4.5. Според Вас, во Македонија мажот и жената [се рамноправни во одгледувањето на децата]<br>П4.6. Според Вас, во Македонија мажот и жената [се рамноправни пред вашата вера/религија] | 0. Не<br>1. Да<br>2. Не знам |
| П5.1. Според Вас, жените во државава [за исти работни места се исто платени со мажите]<br>П5.2. Според Вас, жените во државава [имаат исти шанси за напредување на работно место со исто квалификувани мажи]<br>П5.3. Според Вас, жените во државава [се предмет на мобинг (физички или психички притисок од колегите и надредените) исто колку и мажите] | 0. Не<br>1. Да<br>2. Не знам |
| П6. Жените од малцинствата (Албанки, Турчинки, Ромки . . .) се помалку интегрирани во општеството од Македонките. | 0. Не<br>1. Да<br>2. Не знам |

| | |
|---|---|
| П7. Според Вас, позитивна дискриминација (воведување задолжителни квоти за учество на жени во одредени општествени сфери) ќе придонесе за поголема рамноправност на жената. | 0. Не<br>1. До некаде да<br>2. Да<br>3. Не знам |
| П8. Според Вас, почесто има случаи на насилство на | 1. Жени врз мажи<br>2. Мажи врз жени<br>3. Нема разлика<br>4. Не знам |
| П9. Според Вас, потребни се движења за покревање на свеста во општеството за сексуално вознемирување (и злоупотреба) како „Me Too“, „I am with her“ , „Сега кажувам“, „Un dia sin mujeres“ и други. | 0. Не<br>1. Да<br>2. Не знам |
| П10. При случај на развод, во случај на двајца подобни родители, старателство врз децата треба да го добие | 1. Мајката<br>2. Таткото<br>3. И двајцата/заедничко старателство<br>4. Не знам |
| П11. Породилното отсуство треба да се доделува | 1. Само на мајката<br>2. Поголем дел на мајката, помал на таткото<br>3. Подеднакво на двајцата<br>4. Поголем дел на таткото, помал на мајката<br>5. Само на таткото<br>6. Не знам |
| П12. Што најмногу влијае врз бавното придвижување кон рамноправност на жената во државава? (можни се најмногу два одговори) | 1. Постоечките стереотипи за биолошките разлики помеѓу мажите и жените<br>2. Патријахалните традиционални општествени норми<br>3. Големото присуство на религијата во животот на жената<br>4. Неподготвеност на образованието за обработка на родови прашања<br>5. Немањето политичка волја за родово инклузивни политики<br>6. Жените не сакаат рамноправност<br>7. Не мислам дека придвижувањето е бавно<br>8. Друго |

| | |
|---|---|
| П13.ЖЕНА. Доколку партнерот комотно може финансиски да Ве издржува Вас (и децата) дали сепак би работеле за да ја одржите вашата финансиска самостојност? | 0. Не<br>1. Да<br>2. Не знам |
| П13.МАЖ. Доколку партнерката би можела комотно финансиски да Ве издржува Вас (и децата) дали би избрале да не работите и да се грижите за домот и децата или да се посветите на некоја општествено полезна работа или хоби? | 0. Не<br>1. Да<br>2. Не знам |
| П14.ЖЕНА. Дали би работеле професии кои се претежно работени од мажи (како работа во вулканизер, возач на автобус/камион/трамвај/такси, градежен работник, електричар, водоинсталатер и слично) со цел да ја одржите вашата економска самостојност? | 0. Не<br>1. Да<br>2. Не знам |
| П14.МАЖ.Доколку партнерката заработува повеќе од Вас тоа би ја намалило вашата самодоверба? | 0. Не<br>1. Да<br>2. Не знам |
| П15. Вие лично претпочитате за шеф/надреден/ претпоставен да имате | 0. Маж<br>1. Жена<br>2. Сеедно |
| П16. Според вас, на Македонија ѝ е потребен феминизам. | 0. Не<br>1. Да<br>2. Не знам |

## РЕЗУЛТАТИ – ДЕМОГРАФИЈА

Од Табела 2 и графиконите од 1 до 8 може да ги забележиме основните демографски карактеристики на испитаниците. Скоро 30% се мажи, а 70% се жени. Ова се должи на интересот на испитаниците да ја одговорат анкетата која беше споделена онлајн. Мажите покажаа значително помал интерес на темата од жените.

Повеќе од половина од испитаниците се во старосната група од 29 до 38 години, 18% се од 39 до 38 и 17% се од 19 до 28. Кривата на возраст натежнува накај пониските старосни групи.

Најголем дел од образовните групи (38,6%) има универзитетско образование, потоа е групата со средно образование (23,3%), па м-р или д-р (22,1%) и висока стручна спрема (15,1%). Примерокот натежнува кон повисоко образовани испитаници. До основно или основно образование завршиле само 0,8%.

Најголем дел (46%) од испитаниците работат во приватен сектор, 25% во државен и 8,5% се самовработени. Со тоа, скоро 80% се во работен однос, а 7,7% од испитаниците се невработени. Пензионери се 2,7%, студенти/ученици се 5,3%, а домаќинки се 1,5%.

Нешто повеќе од 38% од испитаниците живеат во домаќинство со примања од 18.001 до 36.000 денари, што е средната економска категорија. Скоро 30% живеат во семејства со примања од 36.001 до 60000 денари а 22,6% со над 60.000 денари. Нешто повеќе од 13 % им припаѓа на испитаниците од најниските две економски категории. Со тоа може да се види слаб наклон на примерокот кон семејства што се економски подобро ситуирани.

Повеќе од половина од испитаниците изјавиле дека во семејството работат и двајцата партнери, 20% дека работи само испитаникот, а 9,5% дека работи само партнерот. Самостојно живеат 13% а во 5,8% од семејствата не работи никој.

Повеќе од половина од испитаниците моментално живеат во скопскиот и североисточниот регион, 27,3% во пелагонискиот и вардарскиот, 9% во југоисточниот и источниот, а 7,5% во полошкиот и југозападниот регион. 11,5% од испитаниците моментално живеат во странска држава.

Конечно, над 80% од испитаниците се декларирале како православни христијани, 4,5% за муслимани, а 11,2% се или агностици или атеисти.

Пред да се интерпретираат конечните резултати читателот треба да ги земе предвид овие демографски податоци. Освен повисок процент жени, примерокот покажа наклоност кон повисокообразовани, млади, вработени, и домаќинства во кои работат и двајцата партнери. Испитаниците имаат најчесто место на живеење во центар наспроти периферија (Скопје) или се привремено или постојано иселени.

Графикон 1. Род




Графикон 2. Возраст



Графикон 3. Образование




Графикон 4. Работен статус



Графикон 5. Вкупни месечни примања во домаќинството/семејството




Графикон 6. Во моето семејство работиме



Графикон 7. Место на живеење




Графикон 8. Религија



## РЕЗУЛТАТИ – ПРАШАЊА

### А) 8 Март (поимање и начини на негово одбележување)

На прашањето „Како најчесто го одбележување/прославувате 8 Март?“ најчест одговор е дека не се одбележува/празнува празникот. Така одговориле 38% од испитаниците, а 31% (веднаш по него) одговориле „примајќи или подарувајќи подароци“. Нешто повеќе од 4% го прославуваат празникот на чајанка, а само 2,4% од испитаниците излегуваат на марш. (Графикон 9)

По однос на родот на испитаниците, прво одбраниот одговор нема голема разлика во проценти, но затоа пак речиси двојно повеќе мажи (48,7%) од жени (24,5%) подаруваат или примаат подароци за празникот. Повеќе жени од мажи прославуваат на чајанка, а особено е видлива разликата по однос на род во одговорот „во интимна/семејна атмосфера“, каде повеќе од 10 % се жени а 0% мажи.

**Графикон 9. Како најчесто го прославувате/одбележувате 8 Март – Меѓународниот ден на жената?**



**Графикон 10. 8 Март го доживувам како:**




Генерално, 8 Март се доживува како ден за одбележување на историската борба на жената за рамноправност (41,9%), потоа како обичен ден во годината, па како денот на мајката. Додека поголем број жени (45% наспроти 35% мажи) го доживуваат денот како ден за одбележување на борбата на жената за рамноправност, мажите со поголем процент од жените го доживуваат денот како ден на понежниот пол (23% наспроти 7% жени) или како ден на жената мајка (20,3% наспроти 16,4% жени). (Графикон 10)

**Графикон 11. Што најчесто подарувате за 8 Март?**




Можеме да заклучиме дека најголемата практика во државава е да се одбележи денот подарувајќи цвеќе (44,4% од вкупниот број на испитаници се одлучиле за цвеќе). Мажите во поголем процент подаруваат цвеќе од жените (52,5% наспроти 41%), а следен одговор е дека испитаникот придонесувал за рамноправност на жената секој ден (15,5%). И тука скоро и да нема разлика во проценти по однос на род. На сметка на тоа што жените помалку подаруваат на овој ден од мажите (14,2% жени наспроти 7.3% мажи одговориле дека не подаруваат ништо на овој ден), жените (иако во сосема низок степен од 1,9%) подаруваат повеќе книги одошто мажите (0,6%). (Графикон 11)

## Б) Состојбата со родовата рамноправност во повеќе општествени сфери

Скоро 62% од испитаниците веруваат дека мажите и жените во Македонија се рамноправни пред законот, 30% мислат дека не се рамноправни, а остатокот од испитаниците не знаат. Од мажите 77,5% одговориле позитивно, а од жените 55,9%. Со тоа, разликата, помеѓу тие мажи што веруваат дека мажот и жената се рамноправни пред законот и тие што не веруваат е појасно изразена (75% наспроти 21,5%) отколку кај жените, каде 33,9% веруваат дека не постои рамноправност пред законот, а 55,9% дека постои. (Графикон 12)

Сепак, дури 50,75% веруваат дека жените не се фактички рамноправни со мажите, каде разликите помеѓу двете групи се слични кај мажите и жените, но во обратен правец. Имено, кај мажите скоро 57% веруваат дека постои фактичка рамноправност, а нешто повеќе од 58% од жените веруваат дека не постои. (Графикон 13)

Блиску до 70% од испитаниците не веруваат дека мажите и жените се економски рамноправни (во плата, имот, наследство), со тоа што од нив 40% се мажи а 60% жени. (Графикон 14)

Дури 75% од испитаниците веруваат дена не постои родова рамноправност во извршувањето на домашните обврски. Кај жените мислењата се јасни, 85% веруваат дека не постои, а 10% веруваат дека постои. Кај мажите сликата е помалку јасна, а процентите се поизедначени. Имено, 51% веруваат дека не постои, а 44% дека постои рамноправност во извршувањето на домашните обврски. (Графикон 15)

Во однос на одгледувањето на децата, повеќето од испитаниците (68,2%) веруваат дека рамноправност не постои, каде повторно кај жените голем дел сметаат дека не постои (77,4%), а помал (17,2%) дека постои, додека кај мажите повторно е доста изедначено (иако незначително во полза на позитивниот одговор (47,5% - да, 46,3% - не). (Графикон 16)

Нешто повеќе од половина од испитаниците (52%) мислат дека мажот и жената се рамноправни пред нивната религија, со нешто повеќе мажи од жени кои така сметаат (63% од мажите наспроти 47% од жените). (Графикон 17)

**Графикон 12. Според Вас, во Македонија мажот и жената се рамноправни пред законот.**




**Графикон 13. Според Вас, во Македонија мажот и жената се се фактички рамноправни во работното опкружување.**



**Графикон 14. Според Вас, во Македонија мажот и жената се економски рамноправни (плата, имот, наследство).**




**Графикон 15. Според Вас, во Македонија мажот и жената се рамноправни во извршувањето на домашните обврски.**



**Графикон 16. Според Вас, во Македонија мажот и жената се рамноправни во одгледувањето на децата.**




**Графикон 17. Според Вас, во Македонија мажот и жената се рамноправни пред Вашата вера/религија.**



Тесна е разликата помеѓу тие што мислат дека жените во државава за исти работни места се исто платени со мажите (43,9% не, 40,4% да). Сепак, поголем дел од мажите (58%) сметаат дека мажите и жените се исто платени за исти работни места, додека 50% од жените сметаат дека не се. (Графикон 18)

**Графикон 18. Според Вас, жените во државава за исти работни места се исто платени со мажите.**




Половина од испитаниците сметаат дека жените во државава имаат исти шанси за напредување во работното место со исто квалификувани мажи, но разликата помеѓу мажите и жените во однос на одговорот на ова прашање е уште повидлива. 66% од мажите сметаат дека жените имаат исти шанси за напредување во работното место со исто квалификувани мажи, а скоро 60% од жените сметаат дека немаат. (Графикон 19)

**Графикон 19. Според Вас, жените во државава имаат исти шанси за напредување во работното место со исто квалификувани мажи.**




Поголем дел од испитаниците (43,43%) сметаат дека жените во државава се предмет на мобинг исто колку и мажите. 51% од мажите сметаат дека да – 33% дека не, а 41% од жените мислат дека да, 40,3 % дека не. (Графикон 20)

**Графикон 20. Според Вас, жените во државава се предмет на мобинг исто колку и мажите.**



53% од испитаниците сметаат дека жените од малцинствата се помалку интегрирани во општеството од Македонките. Одговорите по род се скоро идентични, со 52% од мажите и 54% од жените кои сметаат дека Македонките се повеќе интегрирани од жените од малцинствата. (Графикон 21)

Половина од испитаниците сметаат дека позитивна дискриминација донекаде би придонесло за поголема рамноправност на жената, што заедно со тие што рекле дека квотите придонесуваат за поголема рамноправност на жената (21%) прават повеќе од 70%. 30% од мажите не веруваат во позитивната дискриминација како алатка за унапредување на родовата рамноправност, а само 13,4% од жените не веруваат во тоа. (Графикон 22)
Со скоро идентични одговори кај мажите и жените, високи 80,87% од испитаниците одговориле дека ним лично им е сеедно дали нивниот шеф/претпоставен е маж или жена. (Графикон 23)

**Графикон 21. Според Вас, жените од малцинствата (Албанки, Турчинки, Ромки …) се помалку интегрирани во општеството од Македонките.**



**Графикон 22. Според Вас, позитивна дискриминација (воведување задолжителни квоти за учество на жени во одредени општествени сфери) ќе придонесе за поголема рамноправност на жената.**




**Графикон 23. Вие лично претпочитате за шеф/надреден/претпоставен да имате маж или жена?**



Патријархалните традиционални општетствени норми (со 62%), постоечките стереотипи за биолошките разлики помеѓу мажите и жените (со 49%) и неподготвеноста на образованието за обработка на родови прашања (15%), се трите највлијателни фактори за бавното придвижување на рамноправноста на жената во државава. Мажите, сепак појавуваат повисок степен на убеденост од жените дека движењето за рамноправност не е бавно (22% мажи наспроти 7% жени), дека жените не сакаат рамноправност (9% мажи наспроти 3,5% жени) и дека големото присуство на религијата во животот на жената (9% мажи наспроти 4,3% жени) е причина за бавниот процес на постигнување родова рамноправност. (Графикон 24)

**Графикон 24. Што најмногу влијае за баното придвижување кон рамноправност на жената во државава? (Најчестите два одговори)**



Дури 75% од испитаниците сметаат дека почесто се случува насилство од мажи врз жени. Сепак, мажите се разликуваат од жените во однос на процентите кај одговорот нема разлика (27% мажи сметаат така, наспроти 11% жени) и одговорот жени врз мажи (10% мажи наспроти 5% жени). (Графикон 25)

**Графикон 25. Според Вас, почесто има случаи на насилство на**




67% од испитаниците сметаат дека се потребни движења за покревање на свеста во општеството за сексуално вознемирување (и злоупотреба). Додека 75% од жените сметаат дека има потреба од вакви движења, 54% од мажите се определиле за овој одговор. За сметка на тоа, 23% од мажите, а 4,3% од жените, одговориле дека не се потребни. И кај мажите и кај жените висок е степенот на испитаници кои не знаат дали се потребни ваквите движења (21,5% заедно). (Графикон 26)

38,44% од испитаниците сметаат дека на Македонија ѝ е потребен феминизам, и тоа 38% од жените, и 40% од мажите. Процентот кај жените кои веруваат дека на Македонија ѝ е потребен феминизам е нешто понизок од мажите. И тука значајни 33% од испитаниците (без оглед на род) не знаат дали е потребен феминизам. (Графикон 27)

**Графикон 26. Според вас, потребни се движења за покревање на свеста во оптшеството за сексуално вознемирување (и злоупотреба) како „Me Too“, „I am with her“ , „Сега кажувам“, „Un dia sin mujeres“ и други.**




**Гафикон 27. Според вас, на Македонија ѝ е потребен феминизам.**



## В) Семејството и родовата рамноправност.

И мажите и жените се согласуваат дека при случај на развод (кога двајцата родители се подобни), старателството треба да го добијат и двајцата (заедничко старателство). Кај мажите тој процент е за 12% повисок од тој кај жените (87% наспороти 75%). Кај жените има 15% повисок степен на убедени испитанички дека детето треба да ѝ припадне на мајката (19,1%), за разлика од мажите (3,95%). (Графикон 28)

**Графикон 28. При случај на развод, во случај на двајца подобни родители, старателството врз децата треба да го добие мајката, таткото или двајцата?**




Најголем дел од испитаниците (44,43%) сметаат дека породилното отсуство треба да се додели подеднакво на двајцата родители, и веднаш потоа (42%) сметаат дека поголем дел на мајката, помал на таткото, што е доста изедначен одговор. Сепак, кога гледаме од родова перспектива кај мажите е повисок процентот на тие што сметаат дека поголемиот дел од породилното отсуство треба да ѝ припадне на мајката, а помал на таткото (46% за разлика на истата опција во групата на жените (40%). (Графикон 29)

**Графикон 29. Породилното отсуство треба да се доделува само на мајката, поголем дел на мајката - помал на таткото, подеднакво на двајцата, поголем дел на таткото-помал на мајката или само на таткото?**




Дури 91% од жените би работеле за да ја одржат својата финансиска самостојност доколку партнерот комотно може финансиски да ги издржува нив (и децата). (Графикон 30А) Вака јасна не е сликата и кај мажите. Доколку партнерката би можела комотно финансиски да го издржува него (и децата) 48% од мажите не би работеле и би се грижеле за домот и децата (или би се посветите на некоја општествено полезна работа или хоби), а 44% сепак би работеле. (Графикон 30Б)

**Графикон 30 А. Доколку партнерот комотно може финансиски да Ве издржува Вас (и децата) дали сепак би работеле за да ја одржите Вашата финансиска самостојност?**

**Графикон 30 Б. Доколку партнерката би можела комотно финансиски да Ве издржува Вас (и децата) дали би избрале да не работите и да се грижите за домот и децата или да се посветите на некоја општествено полезна работа или хоби?**




Во однос на самодовербата во случај партнерката да заработува повеќе од партнерот, дури 89% одговориле дека тоа нема да ја намали нивната самодоверба, 4,5% рекле дека би ја намалило, а скоро 7% не знаат. (Графикон 31)

Конечно, 63% од жените се спремни да работат професии кои се претежно работени од мажи со цел да ја одржат својата економска самостојност, 20% не, а 27% не знаат. (Графикон 32)

**Графикон 31. Доколку партнерката заработува повеќе од Вас дали тоа би ја намалило вашата самодоверба?**




**Графикон 32. Дали би работеле професии кои се претежно работени од мажи (како работа во вулканизер, возач на автобус/камион/трамвај/такси, градежен работник, електричар, водоинсталатер и слично) со цел да ја одржите Вашата економска самостојност?**



## ЗАКЛУЧОЦИ

Генерален заклучок од оваа анкета е дека во Македонија не постои унифициран начин на одбележување на 8 Март – меѓународниот ден на жената. И покрај дебатата на социјалните мрежи за тоа дали празникот треба да се одбележува на чајанка или на марш, генералниот заклучок е дека многу малку жени (а уште помалку мажи) го одбележуваат празникот на еден од овие два начина. Наместо тоа, најчесто се подарува цвеќе (посебно мажите), а жените во најголем процент се изјасниле дека не го прославуваат/одбележуваат овој ден. По подарувањето цвеќе следи одговорот „секојдневно придонесувам за рамноправноста на жената", што нѐ води до заклучокот дека иако највисок процент на испитаници (повеќе од 40%) го доживуваат 8 Март како ден за одбележување на историската борба на жената за рамноправност, следен одговор (со 18% и тоа поголем процент жени од мажи) одговориле дека празникот го доживуваат како обичен ден во годината, а мажите сѐ уште го доживуваат празникот како ден на мајката и на понежниот пол.

Следен генерален заклучок од оваа анкета е дека постои значителна разлика во перцепциите помеѓу мажите и жените по однос на постоечката рамноправност во законодавството, праксата, економијата, домаќинството и религијата. Најзначителна разлика (каде мажите мислат дека постои рамноправност, а жените не) се појавува во перцепциите за рамноправноста во грижата за домаќинството, а потоа и во одгледувањето на децата, што ја загатнува дилемата за причините за бавниот напредок на постигнување родова рамноправност во државата. Оттука, најголем процент на испитаници мислат дека патријахалните/традиционални општествени норми се причинител, а потоа се постоечките стереотипи за биолошките разлики помеѓу мажите и жените.

Она во што мажите и жените имаат генерално унифицирани ставови се дека жените од етничките малцинства се помалку интегрирани во општеството од Македонките, дека насилството е почесто во правец маж врз жена, и дека децата во случај на развод треба да им се доделат и на двајцата родители подеднакво.

Повеќето жени би работеле т.н. „машки професии" со цел да ја обезбедат својата економска самостојност, додека повеќето од мажите не би сакале да се откажат од работата и да се

посветат на домот (и децата) доколку нивната партнерка може комотно да го издржува семејството.

Иако генерален одговор е дека во породилното отсуство треба да им се додели на двата родители подеднакво, жените покажуваат нешто поголема наклонетост кон овој одговор од мажите кои, сепак, во повисок степен би ѝ го доделиле породилното отсуство на мајката, па на таткото.

На крај, иако генерално се смета дека движења за покренување на свеста за сексуалното вознемирување (и агресија) се потребни, поголем е процентот на мажи кои рекле „не“ отколку жени. Од друга страна, мислењата за тоа дали е потребен феминизам во Македонија се поделени (со мало водство на позитивните одговори), но процентот на жени кои рекле „не“ е малку поголем од процентот на мажи.

Конечно, нешто поголем процент на мажи отколку жени мислат дека на Македонија ѝ е потребен феминизам.

# 8th OF MARCH AND GENDER EQUALITY IN NORTH MACEDONIA

® DIALOGUE – Center for Deliberative Democracy

2020, Prilep, Republic of North Macedonia

Editor: Josipa Rizankoska

Authors: Josipa Rizankoska and Aleksandra Spaseska

Colaborators: Nikolina Rizankoska-Anteska and Jasmina Trajskoska-Naumoska

Translation: Aleksandra Spaseska

ISBN 978-608-66232-2-7

**CONTENT**

Description and methodology ……………………………………………………………………40

Table 1. Demography……………………………………………………………………………40

Table 2. Measures of the central tendency of demographic characteristics ………………………42

Table 3. Questionnaire…………………………………………………………………………...42

Results – Demography……………………………………………………………..................45

Chart 1. Gender………………………………………………………………………………..46

Chart 2. Age…………………………………………………………………………………...46

Chart 3. Education……………………………………………………………………………..47

Chart 4. Employment Status……………………………………………………………………47

Chart 5. Total monthly income in the household/family………………………………………..48

Chart 6. Person(s) working in my household/family……………………………………………48

Chart 7. Current place of residence…………………………………………………………….49

Chart 8. Religion………………………………………………………………………………49

Results - Questions……………………………………………………………………………...50

A) 8th of March (understanding and ways of celebrating/marking it……………………………50

